# ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН

## НАПРЕДОК ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ ЈАЗ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН ВО ОБЛАСТА НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Конечна верзија**

**Центар за економски анализи-ЦЕА**

мај 2024 година, Скопје

| | |
|---|---|
| **Проект:** | Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата Отворен Балкан |
| **Спроведен од:** | Центар за економски анализи - ЦЕА Скопје |
| **Наслов:** | НАПРЕДОК ВО НАМАЛУВАЊЕТО НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ ЈАЗ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН ВО ОБЛАСТА НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН |
| **Автори**: | Експерти од земјите (по азбучен ред):<br>Албанија: Мерита Тоска<br>Босна и Херцеговина: Аднан Черимагиќ<br>Косово: Центар за напредни економски студии<br>Црна Гора: Институт за претприемништво и економски развој<br>Северна Македонија: Центар за економски анализи и Стефан Ристовски<br>Србија: Центар за напредни економски студии |

Изработката на оваа студија е поддржана од Фондациите „Отворено општество“ преку Проектот „Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата Отворен Балкан“ спроведуван од ЦЕА. Ставовите искажани во овој документ не секогаш ги одразуваат ставовите на Фондациите „Отворено општество“.

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот.

# Содржина

**За Проектот** .......... 4
**Контекст** .......... 5
**Вовед** .......... 8
**Ажурирање на статусот на оценката на административниот јаз** .......... 9
Методологија .......... 9
Оценка .......... 10
Заклучок .......... 11
**Оценка на статусот на двата Протоколи потпишани во јануари 2024 година** .......... 13
Методологија .......... 14
Оценка на Протоколот за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан .......... 14
Заклучоци .......... 17
Оценка на Протоколот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан .......... 19
Заклучоци .......... 20
**Анекс 1. Целокупен експертски систем за оценување** .......... 22

# За Проектот

**ЦЕНТАРОТ ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ - ЦЕА СПРОВЕДУВА ЕДНОГОДИШЕН ПРОЕКТ НА ФОО НАСЛОВЕН:**
**ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН (ОБИ).**

**КОНТЕКСТ**
Согледувајќи ја состојбата во државите на Западен Балкан во однос на намалениот интерес за проширување од страна на ЕУ, претседателот на Србија Александар Вучиќ, премиерот на Северна Македонија Зоран Заев и премиерот на Албанија Еди Рама донесоа одлука во октомври 2019 година „да ја преземат судбината во свои раце“ и ја покренаа идејата за воспоставување на „мини Шенген“. Во јули 2021 година, таа идеја прерасна во регионална иницијатива **„Отворен Балкан[1]”**. Иницијативата не претставува замена за членството во ЕУ, туку пат за забрзано пристапување и искористување на постојните, но недоволно искористени потенцијали во овие држави, што би можело да поттикне дополнителен економски раст и развој, а следствено на тоа и поголема благосостојба на граѓаните.

**ПРЕДИЗВИЦИ ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА МОМЕНТУМОТ**
За развој и негување на соседските односи на Западен Балкан со цел да се зголеми економскиот просперитет, потребно е да се укинат граничните контроли и останатите бариери за да се олесни протокот на луѓе, стоки и услуги, како и капиталот во регионот. Анализа на разликите по региони (на пример приморски наспроти копнени, НТЕС 2 и НТЕС 3 региони, градски наспроти селски, главни градови наспроти останатите градови) за државите на Отворен Балкан може да даде одговори во врска со приоритетите за забрзан раст и внатрешно приближување на регионот на Отворен Балкан. **Во моментов не постои соодветно образложена анализа за да се проценат постојните предизвици.**

Искуството со пандемијата на Ковид-19, кризата со храна и енергенси, како и војната во Украина ја нагласуваат важноста од внатрешна соработка и координација, како и потребата за заемно разбирање и солидарност помеѓу државите од Отворен Балкан. Внатрешната координација и соработка, размена на искуства и солидарност коишто државите од регионот си ги нудат едни на други носат вредност во поглед на идната интеграција во ЕУ доколку државите од Отворен Балкан зборуваат со еден глас.

Надворешното опкружување на регионот, особено сега заради војната во Украина, уште повеќе нагласува колку се важни соработката и координацијата, како и потребата од заемно разбирање и солидарност.

**АЛАТКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ПОТЕНЦИЈАЛОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОРАБОТКА И КООРДИНАЦИЈА**
Додека на политичко ниво се покажува политичка волја на највисоко ниво за Отворен Балкан, сепак на административно ниво, т.е. „на терен“ луѓето сè уште не можат да ги почувствуваат придобивките од оваа иницијатива. **Она што во најмала рака недостасува е истражување на политиките засновано врз докази во врска со застојот во соработката помеѓу потенцијалите на шесте држави од Отворен Балкан.**

[1] Со иницијативата Отворен Балкан, ќе ги дефинираме териториите на шест држави од Западен Балкан-ЗБ6: Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија.

**АКТИВНОСТИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ**
**Група на независни експерти од шесте држави коишто ќе работат на дијагноза и истражување на застојот во соработката и координацијата помеѓу државите од Отворен Балкан ќе додадат вредност на веќе покажаната политичка волја за иницијативата Отворен Балкан да се развива на поструктуриран и систематски начин со осврт на приоритетите на патот кон развојот на оваа регионална иницијатива.**

# Контекст

Во согласност со Условите на проектот (описот на задачите), овој регионален истражувачки проект има четири главни задачи (сите информации и документи се достапни овде: https://cea.org.mk/proekt-otsenka-i-nasochuvane-na-potentsijalite-na-initsijativata-otvoren-balkan/):

- ЗАДАЧА 1: Анализи на земјите - скрининг фокусиран на иницијативата Отворен Балкан
- ЗАДАЧА 2: Анализа на диспаритетите
- ЗАДАЧА 3: Процена на административните јазови и тесни грла
- ЗАДАЧА 4: Макроекономски проекции за Отворен Балкан

**Суштината на ЗАДАЧАТА 1** беше поврзана со тоа дека речиси секоја политичка иницијатива би можела да се спроведе, но крајната цел на секоја политичка иницијатива треба да биде подобрување на благосостојбата на граѓаните. Така, политичката идеја и волја во однос на Отворен Балкан треба на некој начин вертикално да се пренесат од политичарите на власт (извршна-влада и законодавна-собрание) преку администрацијата со инструменти како што се: состаноци, седници, стратегии, акциски планови, програми и слично и нивно спроведување, до граѓаните односно за поголеми придобивки на граѓаните. Видете повеќе на следниот линк: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1.-OBI-Project-Regional-Report_Task-Final_NAJFINAL-CIP29052023.pdf.

**Суштината на ЗАДАЧАТА 2** беше поврзана со тоа што секоја од шесте земји во Западен Балкан (ЗБ6) има свои карактеристики, со што во рамки на земјите и помеѓу нив има разлики, но и сличности. Затоа ги анализираме разликите и сличностите на Номенклатурата на територијалните единици за статистика 3 (НТЕС 3) на ниво на региони на ЕУ, зависно од достапноста на податоците. Идејата е дека со оглед на Меморандумите за разбирање и Договорите поврзани со иницијативата ОБ и Слободата на движење на ЕУ, одредени НТЕС региони во земјите на ЗБ6 може да имаат повеќе сличности меѓу себе отколку други. Така, оние НТЕС 3 региони коишто формираат одреден кластер, на пример покажуваат сличности во однос на одредени демографски карактеристики и/или одредени социо-економски карактеристики може да бидат платформа за поефикасно спроведување на Слободата на движење на ЕУ и на целите на Меморандумите за разбирање и Договорите поврзани со иницијативата ОБ. Ова не значи дека регионите со поголеми диспаритети не можат да ги постигнат истите цели, туку само покажува дека политиките во регионите коишто имаат поголема сличност би можеле да се спроведат поефикасно бидејќи имаат слични предизвици. Во регионите каде што се видливи поголеми разлики веројатно ќе има потреба од повеќе ресурси за да се постигне конвергенција и намалување на нееднаквоста. Видете повеќе на следниот линк: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1.1.-VOL-1-Report-Disparity-Ananlysis_withCIP12062023N.pdf. Исто така и на: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/2.1.-VOL-2-Report-Task-2-Economic-view-of-disparities_withCIP12062023N.pdf како и на: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/3.1.-VOL-3-Report-Task-2-Cluster-analysis_withCIP12062023N.pdf.

**Суштината на ЗАДАЧАТА 3** беше да се направи проверка на фактите за главните иницијативи со потенцијалите на администрацијата за администрирање на иницијативите. Во овој дел идентификувавме Договор во врска со иницијативата Отворен Балкан и за истиот беше спроведена проверка на фактите и беа подготвени препораки со список на потенцијални законски измени.

Имајќи ги предвид ресурсите на проектот, идентификувавме *Договор за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во рамки на иницијативата Отворен Балкан (доколку овој Договор стапи на сила, неговата примена ќе започне на денот на стапувањето на сила на Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на ЗБ)*. Овој Договор беше посочен и како најзначаен за теренската работа на деловната заедница во дискусиите во Скопје и Белград.

Развивме алатка со цел да оцениме дали земјите-учеснички на иницијативата ОБ имаат развиено/усвоено/утврдено подзаконски акти, протоколи или други инструменти пропишани во Меморандумите за разбирање и Договорите коишто се однесуваат на иницијативата ОБ. На крај, заради проверка на фактите на спроведувањето на идентификуваниот Договор во рамки на иницијативата ОБ, експертите од шесте земји го оценија административниот јаз и даваат препораки во однос на списокот на потенцијални законски измени. Така, ЗАДАЧАТА 3 се состоеше од следното:

1. Работилница со деловната заедница во Северна Македонија и Србија за да се сознае нивното гледиште за релативната важност на Меморандумите за разбирање и Договорите во рамки на иницијативата ОБ (земји-учеснички и неучеснички);
2. Имплементирање на алатката за оцена дали земјите-учеснички во рамки на иницијативата ОБ развиле/усвоиле/утврдиле некакви подзаконски акти, протоколи или други инструменти пропишани во Меморандумите за разбирање и Договорите коишто се однесуваат на иницијативата ОБ (само земјите-учеснички);
3. Проверки на факти за спроведувањето на идентификуваниот *Договор за условите за слободен пристап до пазарот на трудот* во рамки на иницијативата ОБ и подготовка на препораки со список на потенцијални законски измени (земји-учеснички и неучеснички).

Видете повеќе на следниот линк: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1-Report-Task-3-administrative-gap-assessment-labor-market-access_FINAL_publish-1.pdf.

**Суштината на ЗАДАЧАТА 4** беше да се истражат економските придобивки/загуби од учеството/неучеството во иницијативата Отворен Балкан за земјите во Западен Балкан, поединечно и како група (регион) со целосна и делумна интеграција, наспроти Берлинскиот процес, низ призмата на долгорочна проекција на клучните макроекономски показатели. Во овој документ се претставени детали за претпоставките кои се во основата на сценаријата и резултатите. Беа квантифицирани и анализирани три сценарија и беа прикажани резултатите:

1. Само три земји (Албанија, Северна Македонија и Србија) се дел од иницијативата ОБ;
2. Сите шест земји од ЗБ стануваат членки на иницијативата ОБ;
3. Иницијативата Отворен Балкан е претопена во Берлинскиот процес.

Видете повеќе на следниот линк: https://cea.org.mk/wp-content/uploads/2019/09/1-Report-Task-4-Macromodelling_ENG-1.pdf.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА:** Експертите од земјите имаа неутрален став и непристрасен пристап во поглед на прибирањето и анализата на податоците во рамките на оваа истражувачка задача. Без разлика на нечиј став кон иницијативата ОБ, било да е критика заснована на информации или поддршка во однос на иницијативата, нивното мислење не треба да влијае врз процесот на

прибирање на податоци и нивна анализа за да не фаворизира, ниту игнорира, ниту поттикнува одреден одговор или исход наспроти другите.

Земјите од Западен Балкан кои се дел од иницијативата ОБ (Албанија, Северна Македонија и Србија) во овој документ се дефинирани како **„учеснички“**, а земјите од Западен Балкан кои не се дел од иницијативата ОБ (Босна и Херцеговина, Косово и Црна Гора) во овој документ се дефинирани како земји **„неучеснички“**.

# Вовед

Минатата година во септември (2023 година), во рамки на Задача 3, спроведовме оценка на административниот јаз за иницијативата Отворен Балкан, подготвивме регионален извештај и дадовме препораки со список на потенцијални законски измени.

**Намената на овој документ е да се провери напредокот во однос на административниот јаз на иницијативата Отворен Балкан во областа на слободен пристап до пазарот на трудот. Ова го спроведовме во рамки на Завршната задача од целокупниот проектен концепт.**

**Образложение:** Во јануари 2024 година беа потпишани два нови протоколи во рамки на иницијативата Отворен Балкан од лидерите на Албанија, Северна Македонија и Србија. Овој документ содржи резиме за она што досега го има направено администрацијата во овие три држави со меморандумите и договорите кои беа потпишани пред потпишувањето на новите протоколи, но истовремено има за цел да го оцени степенот на подготвеност на администрацијата да ја преземе операционализацијата на двата нови протоколи.

**Под-активности:** Центарот за економски анализи ги подготви описот на задачи и методологијата, подготви договори и ги координираше експертите од земјите. Следниот чекор е овој извештај да се преведе на албански, српски и македонски јазик, а потоа ќе биде споделен на веб-страниците на организациите кои беа вклучени во овој проект.

**Двете цели на оваа ЗАВРШНА ЗАДАЧА се да се провери напредокот во намалувањето на административниот јаз на иницијативата Отворен Балкан во областа на слободен пристап до пазарот на трудот. Поточно:**

1. **Да се ажурира статусот на оценката на административниот јаз што беше подготвена во септември 2023 година како краен датум за сите шест земји и**
2. **Да се изготви оценка на статусот на двата Протоколи кои беа потпишани во јануари 2024 година (само од земјите-учеснички на иницијативата Отворен Балкан) за:**

    a. Првиот протокол за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/protokol_on_the_labor_market1.pdf):

        i. Дали е формирана Заедничка работна група (JWG) за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан
        ii. Дали е назначено лице чија должност е да ја води и да копретседава со Заедничката работна група
        iii. Дали информациите за формираната Заедничка работна група се споделени меѓу трите земји-учеснички на иницијативата Отворен Балкан
        iv. Дали на порталот е-Влада е воспоставена онлајн електронска услуга за регистрација
        v. Дали на порталот е-Влада е воспоставена онлајн електронска услуга за регистрација и дали таа веќе е во функција
        vi. Дали постои претходен случај со барател кој веќе ја користел онлајн електронската услуга за регистрација

vii. Дали постои претходен случај и барателот е веќе регистриран и поднел барање
viii. Дали барателот добил електронско одобрение и дали му/ѝ е одобрен слободен пристап до пазарот на трудот
ix. Дали органите на земјите-учеснички на иницијативата Отворен Балкан (во согласност со член 4 од Протоколот) веќе подготвиле соодветен електронски документ кој не е јавно достапен, како документ за одобрение (одбивање) за барателот

б. Протокол за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/protokol_elektronska_identifikacija1.pdf):

i. Дали е формирана Заедничка работна група (JWG) за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан
ii. Дали е назначено лице чија должност е да ја води и да копретседава со Заедничката работна група
iii. Дали информациите за формираната Заедничка работна група се споделени меѓу трите земји-учеснички на иницијативата Отворен Балкан
iv. Дали Протоколот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан стапи во сила во согласност со член 4 од овој Протокол

Понатаму во текстот ја прикажуваме анализата од оценката за двете цели. Оваа анализа се заснова на одделните извештаи за државата подготвени од експертите за државата.

# Ажурирање на статусот на оценката на административниот јаз

**Експертите од земјите-учеснички и неучеснички на иницијативата Отворен Балкан презедоа активности за оваа цел.**

## Методологија

За првата цел која се однесува на ажурирање на статусот на оценката на административниот јаз од септември 2023 година до крајот на февруари 2024 година, експертите:

- Го разгледаа регионалниот извештај кој беше подготвен во септември 2023 година: Стратешка оценка на сегашната состојба, како се планира со иницијативата Отворен Балкан и утврдување на административниот јаз за Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан
- Ги разгледаа извештаите за државите што ги подготвија
- Одговорија на следниве прашања:

- Дали има некакви измени во потребното законодавството и/или во новата (под)законска регулатива изготвена од септември 2023 година до крајот на февруари 2024 година (погледнете во Табела 2 за конкретната земја од документот што беше подготвен во септември 2023 година: https://cea.org.mk/tsea-studija-otvoren-balkan-i-administrativniot-jaz-za-dogovorot-za-sloboden-pristap-do-pazarot-na-trudot/)
- Дали има некакви подобрувања во врска со процедурите, персоналот и опремата изготвени од септември 2023 година до крајот на февруари 2024 година (погледнете во Табела 3 за конкретната земја од документот што беше подготвен во септември 2023 година: https://cea.org.mk/tsea-studija-otvoren-balkan-i-administrativniot-jaz-za-dogovorot-za-sloboden-pristap-do-pazarot-na-trudot/)

Следат оценките за постигнување на оваа прва цел.

## Оценка

Претставуваме резиме на оценката од експертите во следната табела[2].

| **ДРЖАВА** | **ИЗМЕНИ И НОВО ЗАКОНОДАВСТВО ОД СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА ДО КРАЈОТ НА ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА** | **ПОДОБРУВАЊА НА ПРОЦЕДУРИТЕ, ПЕРСОНАЛОТ И ОПРЕМАТА ОД СЕПТЕМВРИ 2023 ГОДИНА ДО КРАЈОТ НА ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА** |
|---|---|---|
| Албанија | **Нема промени.** | Со пребарување на Google може да се најде целната страница (landing page), но таа не е во функција. |
| Босна и Херцеговина | **Нема промени.** | **Нема промени.** |
| Косово | **Нема промени.** | **Нема промени.** |
| Црна Гора | Усвоени повеќе закони. | Подобрувања на процедурите за добивање работна дозвола. |
| Северна Македонија | Владата го зголеми бројот на работни дозволи што можат да се издаваат на странци од 7000 во 2023 година на 20000 во 2024 година. Овие дозволи се издаваат според вообичаени процедури кои се дефинирани во Законот за странци и Законот за вработување. | На порталот е-Влада беа воспоставени две услуги: а) „Мој идентификациски број за Отворен Балкан“ и б) „Одобрение за слободен пристап до пазарот на трудот“. Сепак, има прекини во конекциите. |
| Србија | На 1 февруари 2024 година стапија на сила измените од април 2023 година на Законот за странци и Законот за вработување странци.<br><br>Со овие измени се олеснува процедурата за вработување работници од странство во Србија. | Апликацијата за електронско поднесување на барања за унифицирана дозвола за престој и работа стана (најчесто) оперативна.<br><br>Апликацијата на Отворен Балкан за слободен пристап до пазарот на трудот почна да функционира. |

Преземено од засебните извештаи за земјите подготвени од експертите. Повеќе детали во посебните извештаи за државите.

[2] Деталните табели како што се доставени од експертите се достапни во посебните извештаи за државата.

## Заклучок

- Постигнат е извесен позитивен напредок:
  - Во Албанија, во врска со Законот за странци, со кој се регулираат влезот, престојот и работата на странците во Република Албанија, со пребарување на Google може да се најде целната страница, но таа не е во функција.
  - Во Северна Македонија, Владата назначи претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и медиуми, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување, кои се одговорни за спроведување на Протоколот кон Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (Договор за пазарот на трудот) и Протоколот за Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан (Договор за идентификација). Заедничката работа и комуникација се воспоставени на експертско ниво за изготвување на договорите и протоколите за спроведување. Сепак, со истражувањето не можеше да се добијат информации за напредокот во усвојувањето на Деловникот, ниту пак дали е формиран трилатерален Заеднички комитет.
  - Црна Гора е единствената која го усвои Законот за потврдување на Договорот за признавање на професионални квалификации на медицински сестри за општа нега, доктори по ветеринарна медицина, фармацевти и акушерки во контекст на Централноевропскиот договор за слободна трговија (Службен весник на Црна Гора 12/2023 од 31.12.2023 година).
  - Црна Гора го усвои Законот за потврдување на Договорот за признавање на професионални квалификации за доктори на медицина, доктори на стоматологија и архитекти во контекст на Централноевропскиот договор за слободна трговија (Службен весник на Црна Гора 11/2023 од 22.12.2023).
  - Црна Гора го усвои Законот за потврдување на Договорот за признавање на квалификации од областа на високото образование во Западен Балкан (Службен весник на Црна Гора 11/2023 од 22.12.2023 година).
  - Бизнисите не се доволно информирани за Договорите за признавање на квалификациите и за потенцијалните придобивки што може да ги имаат од нив. Оттука, вертикалното пренесување на информации од владата до бизнисите е бавно и неефикасно.
  - Црна Гора се насочи кон олеснување на процедурите, што подразбира дека работодавачот може да ја заврши целата процедура за добивање работна дозвола пред пристигнувањето на странецот. Но, додека да добие дозвола, работодавачот е одговорен за тој странец, дури и ако му е одбиена работната дозвола. Иако законот предвидува регистрацијата на странците да се врши електронски, ова сè уште не е спроведено. Стопанствениците сметаат дека постапката за аплицирање за странци и добивање на работна дозвола би била значително полесна доколку барањето би се вршело електронски.
  - Во Србија, со тековните измени на овластувањата во Законот за вработување на странци, работодавачот го поднесува барањето за унифицирана дозвола за работа и престој електронски преку веб-сајтот на е-Влада.
- Процесот напредува, но е премногу бавен и подлежи на надворешни влијанија во зависност од политичката состојба во регионот.
- Воедно, процесот зависи и од подготвеноста и брзото прилагодување во насока на дигитализацијата и придобивките од неа.

- Сепак, дури и во услови на неповолно политичко опкружување, процесот на обезбедување средина за слободен пристап до пазарот на трудот во регионот бавно напредува.
- Периодот од септември 2023 година до крајот на март 2024 година беше релативно краток и беше проследен со предизвици во врска со очекуваните избори во земјите и актуелни предизвици во регионот. Сепак, експертите можат да забележат одредени активности во насока на спроведување на двата нови Протоколи потпишани во јануари 2024 година (видете во следните делови).

Имајќи го предвид следењето на напредокот во оваа ЗАВРШНА ЗАДАЧА од Проектот, не можеме да утврдиме значителни промени во намалувањето на административниот јаз во овој краток период на следење, од септември 2023 година до крајот на март 2024 година. Единствената промена во квалификацијата во матрицата на подготвеност на земјите целосно да ја имплементираат иницијативата Отворен Балкан е забележана кај Северна Македонија. Со оглед на тоа што се потпишани протоколите за спроведување, јазот во законодавството е намален во споредба со септември 2023 година. Резултатите се прикажани во табелата подолу.

| Држава | Албанија | Босна и Херцеговина | Косово | Црна Гора | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Оценка | Државата е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со поголеми измени во законодавството и подзаконската регулатива, воведувањето на постапка и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема.<br><br>За законодавство: 4<br><br>За постапки: 4<br><br>За потребен персонал: 4<br><br>За потребна опрема: 2<br><br>Збир: 14 | Државата не е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ и потребни се поголеми законодавни активности, планирање и извршување на јавните финансии и планирање и спроведување на јавните набавки<br><br>За законодавство: 5<br><br>За постапки: 5<br><br>За потребен персонал: 4<br><br>За потребна опрема: 5<br><br>Збир: 19 | Државата е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со поголеми измени во законодавството и подзаконската регулатива, воведувањето на постапка и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема<br><br>За законодавство: 5<br><br>За постапки: 4<br><br>За потребен персонал: 3<br><br>За потребна опрема: 3<br><br>Збир: 15 | Државата не е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ и потребни се поголеми законодавни активности, планирање и извршување на јавните финансии и планирање и спроведување на јавните набавки<br><br>За законодавство: 5<br><br>За постапки: 4<br><br>За потребен персонал: 4<br><br>За потребна опрема: 4<br><br>Збир: 17 | Државата донекаде е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со измени во законодавството/ подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапки и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема<br><br>За законодавство: 2<br><br>За постапки: 3<br><br>За потребен персонал: 3<br><br>За потребна опрема: 2<br><br>Збир: 10 | Државата донекаде е подготвена да го преземе спроведувањето на Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ со измени во законодавството/ подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапки и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема<br><br>За законодавство: 2<br><br>За постапки: 2<br><br>За потребен персонал: 3<br><br>За потребна опрема: 3<br><br>Збир: 10 |

Ве молиме, погледнете ги деталите за методологијата во основата на матрицата во Анекс 1.

# Оценка на статусот на двата Протоколи потпишани во јануари 2024 година

**Експертите од земјите неучеснички на иницијативата Отворен Балкан не презедоа активности за оваа втора цел.**

Во јануари 2024 година беа потпишани два нови протоколи во рамки на иницијативата Отворен Балкан од лидерите на Албанија, Северна Македонија и Србија за да се овозможи слободен пристап

до пазарот на трудот. Во овој документ дополнително го оценуваме нивото на подготвеност на администрацијата на трите земји да ја преземе операционализацијата на двата нови протоколи. Крајниот рок за истражувањето беше крајот на март 2024 година.

## Методологија

За оваа втора цел, претставниците на земјите-учеснички на иницијативата Отворен Балкан ги анализираа:

1. **Првиот протокол за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/protokol_on_the_labor_market1.pdf) и**
2. **Протоколот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан (https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/protokol_elektronska_identifikacija1.pdf)**

За овие два Протоколи експертите од **земјите-учеснички на иницијативата Отворен Балкан** изготвија оценка на статусот на Протоколите така што одговорија на однапред одредени прашања. Подолу се наведени прашањата, анализата на одговорите, како и соодветен заклучок.

## Оценка на Протоколот за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан

**Овој Протокол е достапен на следниот линк: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/protokol_on_the_labor_market1.pdf).**

**Прашања за оценка:**

i. **Дали е формирана Заедничка работна група (JWG) за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан**

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | Формирана е на експертско ниво. | Да. |

ii. **Дали е назначено лице чија должност е да ја води и да копретседава со Заедничката работна група**

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | Неутврдено. | Да, господин Петар Јањиќ, од Генералниот секретаријат на Владата. |

iii. **Дали информациите за формираната Заедничка работна група се споделени меѓу трите земји-учеснички на иницијативата Отворен Балкан**

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | Министерството за надворешни работи на Северна Македонија го информираше Министерството за Европа и надворешни работи на Албанија. | Да. Само со Албанија. |

### iv. Дали на порталот е-Влада е воспоставена онлајн електронска услуга за регистрација

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Да: https://e-Albania.al/eAlbaniaServices/UseService.aspx?service_code=15486 | Да: На порталот е-Влада беа воспоставени две услуги: а) „Мој идентификациски број за Отворен Балкан“ и б) „Одобрение за слободен пристап до пазарот на трудот“. | Да. |

### v. Дали на порталот е-Влада е воспоставена онлајн електронска услуга за регистрација и дали таа веќе е во функција

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Да, но сѐ уште не е во функција:<br>Доколку се изврши пребарување на услугата под листата на е-услуги, не се добива никаков резултат за „слободен пристап до пазарот на трудот“. Со пребарување на Google за „Слободен пристап до пазарот на трудот“ се добива линк до порталот за услуги е-Албанија како што следува: https://e-lbania.al/eAlbaniaServices/UseService.aspx?service_code=15486 и е достапен само за граѓаните кои поседуваат идентификациски број за Отворен Балкан. Со идентификациската ознака за Отворен Балкан, нема наведени услуги на порталот (при пребарување во категоријата услуги). Услугата е опишана на албански, англиски, македонски и српски јазик. | Да, во функција е. Но, повремено има пречки во онлајн услугата, заради периодични дефекти на системот и се враќа во претходната состојба откако ќе се решат пречките. | Да, во функција е од 5 март. |

### vi. Дали постои претходен случај со барател кој веќе ја користел онлајн електронската услуга за регистрација

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | На порталот е-Влада се регистрирани 54 посебни профили на граѓани на Србија и еден посебен профил на граѓанин на Албанија.<br><br>Според добиените податоци, во тек е постапката за издавање Единствен идентификациски број за странци од Министерството за внатрешни работи, за 33-те барања од државјани на Србија. | Да, има повеќе од 2.000 лица кои го добиле нивниот идентификациски број за Отворен Балкан. |

| | | |
|---|---|---|
| | За услугата „Мој идентификациски број за Отворен Балкан“ има 1.226 барања од македонски државјани.<br><br>Ова е првиот чекор за граѓаните на Северна Македонија да ја искористат услугата „Одобрение за слободен пристап до пазарот на трудот“ на порталот е-Влада во Албанија и Србија. | |

vii. **Дали постои претходен случај и барателот е веќе регистриран и поднел барање**

| **Албанија** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|
| Не. | Заклучно со 29 март, има 33 барања од граѓани на Србија и едно барање од граѓани на Албанија за услугата „ Мој идентификациски број за Отворен Балкан“. | Да, вкупно 70 барања од Северна Македонија и Албанија (краен датум: 5 март 2024 година). |

**ЗАБЕЛЕШКА: Крајниот датум за ова истражување е крајот на март 2024 година, кој не го опфаќа законскиот рок за одобрување или одбивање на користењето на овие услуги во времетраење од 30 дена од денот на поднесувањето на барањата според Договорот за пазарот на трудот. Со понатамошното истражување би можело да се истражи решението за овие барања.**

viii. **Дали барателот добил електронско одобрение и дали му/ѝ е одобрен слободен пристап до пазарот на трудот**

| **Албанија** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|
| Не. | Заклучно со 29 март, нема решени барања, со позитивен или негативен исход. | Да, од 70 поднесени барања, беа одобрени 32 (пресек на датум: 5 март 2024 година). |

ix. **Дали органите на земјите-учеснички на иницијативата Отворен Балкан (во согласност со член 4 од Протоколот) веќе подготвиле соодветен електронски документ кој не е јавно достапен, како документ за одобрение (одбивање) за барателот**

| **Албанија** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|
| Не. | Да. | Да. |

Откако ги одговорија горенаведените прашања, експертите од земјите учеснички на иницијативата Отворен Балкан дадоа појаснување за следното:

**Експертска оценка за Првиот протокол за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (тука наведете оценка по вашето секундарно истражување и теренската работа). Воедно, наведете експертска ЗАВРШНА оценка:**

- **Дали според вашето експертско мислење врз основа на информациите, Првиот протокол ќе биде подготвен да се спроведе во следните 6 месеци**
- **Дали според вашето експертско мислење врз основа на информациите, Првиот протокол ќе биде подготвен да се спроведе во следните 12 месеци**
- **Дали според вашето експертско мислење врз основа на информациите, Првиот протокол ќе биде подготвен да се спроведе во следните 18 месеци**

| **Подготвен да се спроведе за:** | **Албанија** | **Северна Македонија*** | **Србија** |
|---|---|---|---|
| 6 месеци | | | ↑ |
| 12 месеци | | ↑ | |
| 18 месеци | ↑ | ↑ | |

***Оценет како тековен.**

## Заклучоци

**Општо земено, Србија најмногу напредува во обезбедувањето средина за слободен пристап на работна сила до пазарот на трудот на просторот на трите земји, што може да се воочи и со двата Протоколи и со иницијативата Отворен Балкан воопшто.**

**Трите земји ја воспоставија онлајн платформата, но спроведувањето е различно, од нефункционална платформа во Албанија до целосно функционална платформа во Србија, како и делумно функционална платформа во Северна Македонија заради честите прекини во конекциите.**

**Што се однесува до процедурите, Србија и Северна Македонија ги информираа албанските претставници за намерите во согласност со протоколите. Во врска со административната структура, само Србија има целосно формирани тела со конкретни имиња, Северна Македонија сè уште е на ниво на експерти, а Албанија сè уште го нема започнато процесот. Понатаму во текстот се наведени повеќе детали.**

**Албанија:**

- Спроведувањето на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан (од потпишувањето на договорот на 21.12.2021 година, одобрението за Албанија од 02.02.2022 година, потпишувањето на првиот протокол на 22.01.2024) напредуваше релативно бавно. Од потпишувањето на договорот до потпишувањето на првиот протокол за спроведување поминаа 762 дена.
- Иако изгледа како нешто да се спроведува преку порталот за е-услуги на Република Албанија, страниците не функционираат ефективно, а нема достапен формулар за аплицирање за идентификациски број за Отворен Балкан, не е достапно ни барање за „Слободен пристап до пазарот на трудот“ (повеќе наликуваат на тест-страници, а не на е-услуги кои се достапни за граѓаните).
- Не постои трага кај албанските органи за потпишаниот протокол (врз основа на детално пребарување на официјалната база на податоци за акти, како и неформални информации со поранешни ангажирани јавни службеници (за завршувањето на другите задачи)).
- ЗАБЕЛЕШКА за Албанија: Има промена во структурата на владата (распуштање, спојување, проширување на некои ресорни министерства и тоа е процес во транзиција имајќи ги

предвид тековните избори), што може да биде причина за понатамошно одложување на спроведувањето на протоколите.

**Северна Македонија:**

- На порталот е-Влада беа воспоставени две услуги: а) „Мој идентификациски број за Отворен Балкан“ и б) „Одобрение за слободен пристап до пазарот на трудот“.
- На порталот е-Влада е воспоставена онлајн електронска услуга за регистрација и таа веќе е во функција. Но, повремено има пречки во онлајн услугата, заради периодични дефекти на системот и се враќа во претходната состојба откако ќе се решат пречките.
- На порталот е-Влада се регистрирани 54 посебни профили на граѓани на Србија и еден посебен профил на граѓанин на Албанија.
- Заклучно со 29 март, има 33 барања од граѓани на Србија и едно барање од граѓани на Албанија за услугата „ Мој идентификациски број за Отворен Балкан“.
- Според добиените податоци, во тек е постапката за издавање Единствен идентификациски број за странци од Министерството за внатрешни работи, за 33-те барања од државјани на Србија.

**Србија:**

- Во согласност со *Одлуката за формирање на Работна група за спроведување на Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан: 16/2024-10*[3], формирана е Заедничката работна група. Покрај тоа, според истата одлука, за претседател на Заедничката работна група е назначен г. Петар Јањиќ од Генералниот секретаријат на Владата.
- Според информациите од Министерството за информации и телекомуникации и Канцеларијата за информатичка технологија и е-влада, на 1 март 2024 година, Министерството за надворешни работи на Република Србија испрати дипломатска нота со која го известува Депозитарот на Договорот - Владата на Република Албанија за лицата кои се назначени за членови на Заедничката комисија.
- Воспоставена е онлајн електронска услуга за регистрација на порталот е-Влада и оваа услуга е во функција од 5 март. Во моментов има повеќе од 2.000 лица кои добиле личен идентификациски број за Отворен Балкан со кој можат да го поднесат своето барање на српскиот портал е-Влада.
- Што се однесува до бројот на баратели во Србија, во периодот до 5 март 2024 година, на српскиот портал е-Влада, поднесени се вкупно 70 барања за слободен пристап до пазарот на трудот, од кои одобрени се 32 барања, а на барателите им биле дадени одобренија за слободен пристап до пазарот на трудот во форма на електронски документи, додека останатите сè уште се обработуваат.

[3] https://pravno-informacioni-sistem.rs/eli/rep/sgrs/vlada/odluka/2024/16/5

## Оценка на Протоколот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан

**Овој Протокол е достапен на следниот линк: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/Otvoren_Balkan/protokol_elektronska_identifikacija1.pdf.**

**Прашања за оценка:**

x. **Дали е формирана Заедничка работна група (JWG) за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан**

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | Да. Владата назначи претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и медиуми, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување.<br><br>Сепак, со истражувањето не беше утврдено дали е формиран трилатерален Заеднички комитет. | Да. |

xi. **Дали е назначено лице чија должност е да ја води и да копретседава со Заедничката работна група**

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | Неутврдено. | Да, господин Петар Јањиќ, од Генералниот секретаријат на Владата. |

xii. **Дали информациите за формираната Заедничка работна група се споделени меѓу трите земји-учеснички на иницијативата Отворен Балкан**

| Албанија | Северна Македонија | Србија |
|---|---|---|
| Не. | Министерството за надворешни работи на Северна Македонија го информираше Министерството за Европа и надворешни работи на Албанија дека Северна Македонија ги исполни потребните внатрешни услови во согласност со домашното законодавство за протоколот за спроведување да стапи во сила. | Да. Само со Албанија. |

xiii. **Дали Протоколот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните на Западен Балкан стапи во сила во согласност со член 4 од овој Протокол**

| **Албанија** | **Северна Македонија** | **Србија** |
|---|---|---|
| Не. | Министерството за надворешни работи на Северна Македонија го информираше Министерството за Европа и надворешни работи на Албанија дека Северна Македонија ги исполни потребните внатрешни услови во согласност со домашното законодавство за протоколот за спроведување да стапи во сила. | Да. |

**Експертска оценка за Протоколот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан (тука наведете оценка по вашето секундарно истражување и теренската работа). Воедно, наведете експертска ЗАВРШНА оценка:**

- **Дали според вашето експертско мислење врз основа на информациите, протоколот за меѓусебно поврзување ќе биде подготвен да се спроведе во следните 6 месеци**
- **Дали според вашето експертско мислење врз основа на информациите, протоколот за меѓусебно поврзување ќе биде подготвен да се спроведе во следните 12 месеци**
- **Дали според вашето експертско мислење врз основа на информациите, протоколот за меѓусебно поврзување ќе биде подготвен да се спроведе во следните 18 месеци**

| **Подготвен да се спроведе за:** | **Албанија** | **Северна Македонија*** | **Србија** |
|---|---|---|---|
| 6 месеци | | | ⇧ |
| 12 месеци | | ⇧ | |
| 18 месеци | ⇧ | ⇧ | |

*** Оценет како тековен.**

## Заклучоци

**Општо земено, Србија најмногу напредува во обезбедувањето средина за слободен пристап на работна сила до пазарот на трудот во просторот на трите земји, што може да се воочи и со двата Протоколи и со иницијативата Отворен Балкан воопшто. Србија има целосно формирани тела со конкретни имиња, Северна Македонија сè уште е на експертско ниво и Албанија сè уште не го започнува процесот. Додека бизнисите во Србија имаат пооптимистичко мислење за перспективата за спроведување на протоколите, албанската деловна заедница е повнимателна. Во Северна Македонија, деловната заедницата покажува интерес и подготвеност во однос на процесот. Повеќе детали се резимирани понатаму во текстот.**

**Албанија:**

- Имплементацијата на Договорот за спроведување на меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан (од потпишувањето на договорот на 21.12.2021 година, одобрението од 02.02.2022 и стапувањето на сила за Албанија на 10.02.2022, до потпишувањето на првиот протокол на 22.01.2024) се

одвиваше релативно бавно. Од потпишувањето на договорот до потпишувањето на првиот протокол за спроведување поминаа 762 дена.

- Нема достапен формулар за аплицирање за идентификациски број за Отворен Балкан (при пребарување на директориумот за услуги, не се пронајдени никакви резултати, а исто така автоматскиот асистент потврдува дека не може да се најде таква услуга);
- Нема трага од одобрение од страна на албанските органи за потпишаниот протокол (врз основа на детално пребарување на базата на податоци за официјални акти и неформални информации со поранешни ангажирани јавни службеници (за завршување на другите задачи).
- ЗАБЕЛЕШКА за Албанија: Има промена во структурата на владата (распуштање, спојување, проширување на некои ресорни министерства и таа е процес во транзиција имајќи ги предвид тековните избори), што може да биде причина за понатамошно одложување на спроведувањето на протоколите.

**Северна Македонија:**

- Владата на Северна Македонија веќе назначи претставници од Министерството за внатрешни работи, Министерството за информатичко општество и медиуми, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување кои ќе бидат одговорни за спроведувањето, како и за обезбедување поддршка за спроведувањето на Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан. Списокот на претставници е ажуриран, со нови назначени претставници од Министерството за внатрешни работи и Министерството за информатичко општество и медиуми во 2024 година. Но, во владината одлука не е наведено кои од назначените претставници имаат копретседавачки должности.
- Министерството за надворешни работи на Северна Македонија го информираше Министерството за Европа и надворешни работи на Албанија, како депозитар на договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација, дека Северна Македонија ги исполни потребните внатрешни услови во согласност со домашното законодавство за протоколот за спроведување да стапи во сила.

**Србија:**

- Во согласност со Одлуката за формирање на Работна група за спроведување на Договорот за меѓусебно поврзување на шеми за електронска идентификација на граѓаните од Западен Балкан: 16/2024-114 година, формирана е Заедничка работна група.
- За претседател на Заедничката работна група е назначен г. Петар Јањиќ од Генералниот секретаријат на Владата.
- На 1 март 2024 година, Министерството за надворешни работи на Република Србија испрати дипломатска нота со која го известува Депозитарот на договорот - Владата на Република Албанија за лицата кои се назначени за членови на Заедничката комисија.
- Во согласност со доставените информации од Канцеларијата за информатичка технологија и е-влада, стапија на сила сите потребни акти за спроведување на Договорот.

---

[4] https://pravno-informacioni-sistem.rs/SlGlasnikPortal/eli/rep/sgrs/vlada/odluka/2024/16/6

# Анекс 1. Целокупен експертски систем за оценување

Секој експерт доделува оценка од 1 до 5 за нејзината/неговата земја:

- **За законодавството,** од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на целосно усогласување на националното законодавство/подзаконска регулатива со *Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан,* вклучително и ратификацијата во Собранието. Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од усвојување на нова законска регулатива. Експертот е оној кој треба да даде сопствена експертска оценка од 1 до 5 во зависност од степенот на проценета потреба за усвојување/дополнување/измена на законодавство/подзаконската регулатива во врска со слободниот пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.
- **За постапките**, од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на целосно усогласување на постапките кои се регулирани во законодавството/подзаконската регулатива со *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.* Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од воведување на цел пакет нови постапки. Експертот е оној кој треба да даде сопствена стручна оценка од 1 до 5 во зависност од нивото на проценета потреба за воведување на нови постапки во врска со слободен пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.
- **За потребниот персонал**, од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на состојба на доволно постојни човечки ресурси/кадар за спроведување на *Договорот за условите за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан* во која било институција. Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од воведување нова систематизација со нови човечки ресурси/кадар кој ќе се буџетира и вработи во институциите со цел да се спроведе *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ.* Експертот е оној кој треба да даде сопствена стручна оценка од 1 до 5 во зависност од нивото на проценета потреба од нови човечки ресурси/кадар во врска со слободниот пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.
- **За потребна опрема**, од 1 до 5 при што квалификацијата 1 се однесува на состојба на доволно постојна опрема за спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан.* Квалификација 5 се доделува доколку има потреба од нова опрема во институциите која ќе биде опфатена во буџетот и јавна набавка, со цел да се спроведе *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ.* Експертот е оној кој треба да даде сопствена стручна оценка од 1 до 5 во зависност од нивото на проценета потреба од нова опрема во врска со слободниот пристап до пазарот на трудот во државата. Експертот го појаснува оценувањето.

Така, вкупниот минимален збир на четирите оценки наведени погоре може да биде 4, а максималниот збир може да биде 20 (со оглед на тоа што опсегот на дискретна оцена на експертско мислење е од 1 до 5 во четирите категории: законодавство, постапки, персонал, опрема) .

Презентирањето на конечната **квалификација** во врска со оценката на административниот јаз од експертската квалификација ќе зависи од следната скала за квалификацијата за административниот јаз за државата, како што е претставен во следната табела:

| **Вкупна оценка за државата за административниот јаз за *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во Западен Балкан*** | **Квалификација на административниот јаз обезбедена од експертот** |
|---|---|
| **4-7** | **Државата е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* со мали измени** |
| **8-12** | **Државата донекаде е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* со измени во законодавството/подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапките и/или систематизација на нови кадри и/или планирање и набавка на нова опрема** |
| **13-16** | **Државата е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* со поголеми измени во законодавството/подзаконската регулатива и/или воведувањето на постапките и/или систематизација на нов персонал и/или планирање и набавка на нова опрема** |
| **17-20** | **Државата не е подготвена да преземе спроведување на *Договорот за услови за слободен пристап до пазарот на трудот во ЗБ* и потребни се големи законодавни активности, планирање и извршување на јавните финансии и планирање и спроведување на јавните набавки** |